# Ја сечевте гранката на која седевте

**Од преговорите за прием на Македонија во Обединетите нации (1993), преку Времената спогодба (1995), амбасадорувањето во Скопје (1995-1999) и раководењето на директоратот за Балканот во грчкото МНР (2000-2005), сè до амбасадорската мисија во Вашингтон (2005-2009), Александрос Маљас е учесник и сведок на сите важни настани на релација Македонија - Грција. Ова дипломатско искуство беше причината „Граѓански“ да побара интервју со Маљас.**

**- Одговорите на прашањата на новинарот Васко Попетревски ги одлагав, но, конечно, одлучив да ги испратам, обединети во еден текст. Повторно избрав да го користам јазикот на вистината. Суровата вистина. Може да биде предизвикувачки, но тоа е корисно. Жалам што гласот на Грција, со неколку исклучоци, последните четири или пет години го нема во медиумите. Мислам дека е корисно вашата јавност да знае, дури и ако не се согласува, како размислува другата страна - вели Маљас.**

Пишува **Александрос Маљас**

Грција го базира спроведувањето на надворешната политика на почитување на меѓународното право, конвенциите и на резолуциите на Советот за безбедност на Обединетите нации што претставуваат право. Меѓународниот суд на правдата, околу четири децении, имаше централна референтна позиција во оваа политика. Одлуката на Меѓународниот суд во Хаг од декември 2011 г. не беше позитивна за Грција. Но, тоа не значи дека Грција не ја почитува оваа меѓународна институција. Еден ден по објавувањето на одлуката учествував во дебата на вашата државна телевизија и предвидов дека, без оглед на одлуката, работите ќе бидат полезни за Грција во Чикаго. Како што, впрочем, и беа. Според мое мислење, соодветниот пасус во Декларацијата од Самитот на НАТО во Чикаго, од грчка гледна точка, е уште посилен и подобар во споредба со оној од Букурешт. Затоа, мора да знаете дека, без оглед на пропагандните трикови кон кои често прибегнуваат одредени структури во Скопје, вашите влада и дипломатија не успеаја во практика да ја искористат пресудата. Спротивно, грчката дипломатија, и покрај непријатната пресуда, со министрите Димас и Моливијатис, совршено ја постигна целта во Чикаго. Да ве потсетам дека и во Букурешт и во Чикаго одлуките беа едногласни. Затоа, ставот од Букурешт дека предуслов за приклучување во НАТО е решавање на спорот за името, кој се потврди и во Чикаго, не е грчка позиција, туку политичка волја на сите членки на Алијансата. Би сакал, исто така, да додадам дека за оваа заедничка позиција на Алијансата, вашата земја беше однапред јасно известена од генералниот секретар на НАТО, како и од Вашингтон, Берлин и од други метрополи. „Изборот на мис“, со што со години се занимаваат некои земји и амбасадори во Скопје, уште еднаш не се потврди во Чикаго. Лично јас, каде и да се наоѓав, вклучувајќи го и Вашингтон, ја следев политиката на искреност и вистина, на суровата вистина, претпочитајќи да бидам корисен наместо пријатен. Тоа е прашање на карактер и на достоинство. Кога ја претставуваш својата земја, не ја изразуваш само политичката линија на владата, туку нешто повеќе. Претставуваш цел еден народ. Една нација. Јас така ја разбирав мојата мисија каде и да се наоѓав.



**Радикална промена во односот.** И уште нешто:

А) НАТО беше формиран и постои, пред сè, за заемна поддршка меѓу членките, вклучувајќи заедничко дејствување во случај на закана

за територијалната целина на некоја од членките. Јас не сум меѓу оние што тврдат дека во НАТО сè функционираше правилно. Имало случаи во кои одлуки на некои членки биле против интересите на други членки. Со такви одлуки имало штета и за интересите на Грција. Но, јас сакам да верувам дека тоа се исклучоци. Ако НАТО престане да ги поддржува интересите на своите членки, тогаш го губи поводот за постоење. Ова често се заборава.

Б) Без оглед на длабоката криза во која се наоѓа мојата земја, нејзината геостратегиска позиција во рамките на НАТО е засегната, во голема мера, од редица кризи и конфликти во Јужен и во Источен Медитеран, на Блискиот Исток до регионот на Персискиот Залив. Без да сакам да бидам етноцентричен, ценам дека поради стабилноста во регионот, која сè уште е во почетна, а не во завршна фаза, Грција стана важен фактор во сегашните и во идните планови на Алијансата во поширокиот регион, како што беше докажано со големиот степен на вклученост во текот на либиската криза и сојузничките воени операции. Погледнете ја картата за да се уверите.

Следствено на тоа, главниот водич на политиката на мојата земја и на НАТО се потпира на зборот „ИНТЕРЕС“ и на зборовите „ЗАЕДНИЧКИ ИНТЕРЕС“. Немојте да се чудите, бидејќи ова не е нешто ново во националната или во надворешната политика. Ова се концепти присутни уште од времето на Тукидид и Пелопонеската војна. Но, очигледно, некои во Скопје читаат исклучиво за Александар Велики и го игнорираат Тукидид.

В) Дали навистина сте помислиле каква би била функционалноста на Алијансата, под претпоставка вашата земја да беше примена без претходно да се реши прашањето за името? Неговото решавање и вашата интеграција во НАТО претпочитаат, како прв чекор, радикална промена на перцепцијата за Грција што денес постои во Скопје. Спротивно на непријателската пропаганда и сликата на лош сосед што систематски ја негуваат вашата влада и другите државни структури.

Со други зборови, како сакате да се приклучите кон Алијанса на посветеност за заемна поддршка на интересите на членките, кога вашата влада систематски, отворено и официјално промовира иредентизам и непријателска пропаганда и го предизвикува јавното мислење во Грција со несфатливи акции, како што е, на пример, политиката на „антиквизација“?

Дали иницијаторите на ова некогаш се запрашале дали Александар Велики и Филип се единствениот избор што го имате за да ги убедите НАТО и ЕУ во сериозноста на вашите ставови и намери? Навистина, која е вистинската цел на овие активности? Што покажува анализата на „добивки и загуби“ од овие акции?

Ако целта е да ја вознемирите Грција и да го свртите грчкото јавно мислење против вас, тогаш навистина сте ја постигнале. Ако целта е да проблематизирате некои ваши пријателства во Брисел и во Вашингтон, тогаш навистина сте ја постигнале. Ако целта е да бидат подобро разбрани и добредојдени грчките аргументи за природата на некои аспекти на вашата политика, тогаш навистина сте ја постигнале.

Ако сакам да сум циничен, би додал дека таквите акции на вашата влада ѝ помогнаа, во голема мера, на грчката дипломатија. Во Брисел и во Вашингтон. Не гледам зошто овој развој не треба да ја задоволи Грција. Но, очигледно, парадоксално, задоволни се и иницијаторите. Инаку, би прекинале одамна.

Дали сте помислиле каков би бил денес развојот на работите ако, наместо негување на оваа безизлезна политика, ѝ дадевте приоритет на политиката на помирување со Грција, на избегнување провокации и акции што додаваат масло во огнот, на еден сериозен обид да се сретнеме на средината на патот за името? Да одговорите и вие на обидот што го трасираше владата на Костас Караманлис во септември 2007 г. во однос на прашањето за името?

Поранешниот премиер Јоргос Папандреу се состана десет пати за помалку од две години со премиерот Груевски. Знаете ли што направи вашиот премиер меѓу деветтиот (јуни 2011 г.) и десеттиот состанок? Го постави споменикот на Александар Велики на централниот плоштад во Скопје. Се прашувам, каква порака сакаше да испрати до неговиот соговорник, до Грција и до другите? Дали е ова одговорен однос на лидер кој сака да ја одведе земјата во НАТО и во ЕУ? Сега тој се чуди зошто Андонис Самарас не трча на средба со него.

**Времената спогодба е надмината.** Моите ставови за хашката пресуда и за Времената спогодба се чисти и објавени во Грција. Резимирам: Неколку месеци пред Букурешт истакнав дека Грција мораше прва да ја тужи вашата земја во Хаг поради серија прекршувања на Времената спогодба. Исто така, подоцна, по поднесувањето на вашата тужба, се залагав за паралелно депонирање грчка тужба.

Моите несогласувања, чии примателi беа исклучиво министерот и надлежните во МНР до почетокот на усната расправа во март 2011 г., беа поврзани со поддршка на грчките аргументи со податоци што, според моето скромно мислење, беа отсутни од досието. Во април 2011 година, осум месеци пред донесувањето на одлуката, ги изразив моите стравови за случувањата во Меѓународниот суд на правдата во интервју за грчкиот весник „Македонија“.

Сето она што го поддржував одговара на реалноста. Навистина верувам и верувам дека Грција, по толкувањето од Меѓународниот суд на неколку одредби во Времената спогодба, нема никаков интерес да продолжи да се обврзува со неа. Периодот од дванаесет месеци важење на спогодбата по напуштањето на една од страните, е повеќе од доволен за да се најде решение, ако постои волја. Лично се сомневам, како што ќе објаснам подолу, за можност за решение со господинот Груевски.

Всушност, Времената спогодба е поткопана и масовно нарушена. Основните одредби или престанаа да се применуваат или „излетаа од шините“. Реалноста е ваква: Времената спогодба, со толкувањето од Меѓународниот суд во Хаг, веќе не може да ја исполни целта поради која беше склучена. Еден договор мора секогаш да ги задоволи интересите на договорните страни. Основниот обврзувачки извор за барање решение се резолуциите 817 и 845 на Советот за безбедност. Верувам дека, порано или подоцна, со или без Времената спогодба, ќе се вратиме таму.

**Клучот е во Скопје.** Проблемот за решение во 2012 г. не се нарекува Андонис Самарас, туку Никола Груевски. Како што беше и во 2011, 2010, 2009, итн. Сепак, не сакам целосно да ја персонализирам одговорноста, бидејќи реалноста е дека по потпишувањето на Времената спогодба во многу малку случаи вашите влади преговараа за да се реши прашањето според принципот на „заемно прифатливо решение“. Многу години преговараа заради преговарање, а не заради решение. Немате друго, освен да пребарате во архивите за одредени изјави на г. Антонио Милошоски во 2001 г., тогаш портпарол на премиерот Љубчо Георгиевски. Подоцна, се разбира, како министер за надворешни работи го менува тонот.

Формулацијата „заемно прифатливо решение“ беше анатемисана и од владата на Бранко Црвенковски. Имам евидентирани изјави на поранешни министри за надворешни работи на вашата земја, кои велат: Ние сме должни да разговараме, но не и да најдеме решение. Тоа беше поентата. Но, историски, со г. Груевски се промени пејзажот. Имаме преименување на аеродромите во Скопје и во Охрид, на улици, плоштади, на автопатот, печатење книги и мапи со иредентистичка содржина и безброј изјави и дејства непријатни за Грција. Жално. Бидејќи тој господин Груевски, како министер за финансии во владата на Георгиевски, беше поборник за развој на нашите билатерални односи. Сепак, политиката на премиерот Груевски и на поранешниот министер Милошоски против Грција, во голема мера, беше од помош за грчката дипломатија во Вашингтон (до крајот на 2008 г. претежно во Конгресот) и во Брисел. Дури и најстрасни-



те приврзаници на вашата земја не ги разбираа релевантноста и корисноста на овие активности, што предизвикуваат легитимна реакција на грчкото јавно мислење, грчката заедница во САД и на грчката влада.

Всушност, вашата влада, политичката класа воопшто и медиумите (со исклучок на некои новинари кои подоцна платија висока цена за тоа) претпочитаа да ги затвораат ушите и очите по храбриот потег на поранешниот премиер Караманлис да ја смени позицијата на Грција во септември 2007 г. Тогаш, првпат јавно и пред парламентот, Караманлис ја промовираше позицијата за „сложено име со географска одредница што ќе се однесува на сите". Тоа го поддржа и ПАСОК на Јоргос Папандреу. Што беше одговорот на вашата влада - Александар Велики, иредентизам, фанатизам во јавното мислење. Оние политичари, новинари и аналитичари кои имаа други позиции беа етикетирани како „агенти" на Грција. Дали е можно да се стават новинари на „црна листа" поради организирање средба во Охрид за односите со Грција?

**Решението мора да е сеопфатно.** Нема ниту еден обид за искрени промени во политиката. Кога вашите учебници, научни книги, изданија на Академијата, ги учат луѓето дека еден дел (најголемиот, би требало да се забележи) на Македонија на грчката Македонија е под грчка окупација, како очекувате од Грција да не го постави прашањето за идентитетот. Чиста сметка, долга љубов. Поради ова, сметам дека не може да има решение што ќе ги остави овие прашања да лебдат. Зашто таквото решение денес, ќе создаде проблем утре. Дискусиите ги отворивте вие, владата на Груевски. Навистина сум загрижен што вашата нова генерација е едуцирана на овој начин. Утре тие ќе бидат политичари, воени лица, новинари, креатори на јавното мислење. Како сакате да го сменат мислењето и да се однесуваат поинаку кон Грција? ЕУ и НАТО не се „чистилиште на транзицијата од пеколот во рајот".

Не сум оптимист дека под сегашните услови е можно да се најде решение за името. Решение, всушност, ќе значи позитивен развој за двете земји, за регионот, за НАТО и за ЕУ. Сериозно спорам со сите оние во Грција кои тврдат дека времето работи против нас. Вистинската анализа го покажува следново: Никогаш порано ова прашање не доби меѓународен карактер како што има од 2007 г. Со конкретни одлуки на НАТО и на ЕУ стана меѓународно и доби димензија и супстанција каква што имаше од самиот почеток со резолуциите 817 и 845. Се сеќавам дека дванаесет години по потпишувањето на Времената спогодба сите ваши влади велеа дека ова е чисто билатерално прашање меѓу Атина и Скопје, во кое не треба да се ангажира никој трет. Дали продолжуваат да веруваат дека така стојат работите и денес? Факт е дека неколку земји, на еден или на друг начин, во билатералните односи го користат вашето уставно име. Не сум сигурен дека бројот што го кажуваат вашите власти одговара на реалноста. Ако вашата влада одлучи да направи историска грешка и да се обрати до Генералното собрание на Обединетите нации, ќе ја сфатите флуидноста на т.н. употреба на уставното име во билатералните односи. Кога Грција ќе одлучи да работи систематично, тимски и со верба, ретко губи. Постарите ќе се сетат на таквото искуство од обидот за зачленување во ОН кон крајот на 1992 и 1993 г. Начинот на кој Грција работеше во Хаг претставува исклучок, а не правило.

За да се дојде до решение, вашата влада треба да покаже дека дејствува одговорно и оти е подготвена да ја помине дистанцијата што нè одделува. Пораката што ја доби Грција од разговорите на генералниот секретар на ОН во Охрид покажува дека вашата влада не е подготвена за сериозни разговори. Напротив, се чини дека е решена да ги отвори кожениот мев на Еол и Пандорината кутија во нашите билатерални односи.

Мислам дека се заборава оти, и покрај сериозните проблеми што ги имаат Грција и нејзиниот имиџ, таа не е државата на која ѝ се брза. Можеме, ако е тоа ваша желба, да останеме во сегашната ситуација, со колатерални последици во ЕУ и во НАТО. Ова е тешката вистина. Сè е прашање на интереси и приоритети.

Вие ќе проценувате дали е ваш интерес да продолжат сегашната политичка стагнација и ќор-сокакот со Грција или, спротивно, да се продолжи со тешки компромиси, следејќи ја линијата што ја отвори Караманлис. Ова не може да се направи од денес за утре.

Поради ова мислам дека денес не можеме да одиме кон решение, ако претходно не си разјасните какви односи сакате со Грција, земјата, како што велите, која поседува една третина од Македонија, на грчката Македонија, како што се учи во сите ваши училишта, универзитети и воени училишта. А, да не зборувам за изјавите на вашите официјални претставници. Не може да се најде решение за името сè додека некои негуваат илузии и заблуди во прашањето на идентитетот.

Исто така, дали зад наставата на сите нивоа за „Егејска Македонија" не се кријат, макар и за пропагандни цели, територијални прашања? Овие работи се анахрони, опасни и треба да се запрат. Ја вознемируваат Грција, но реално ја заложуваат и иднината на вашата земја. Мора да се запрат.

**Вие се откажавте од БЈРМ.** Ме прашувате зошто е напуштено името „поранешна југословенска Република Македонија" како решение за интеграција во НАТО и во ЕУ. Грција не е одговорна за овој развој, туку исклучиво вашата земја. Вие ја сечевте гранката на која седевте. Во практика, вашата земја никогаш не го прифати ова име. Резолуцијата 817 беше поткопувана во континуитет, врз основа на писмени инструкции од Министерството за надворешни работи на вашата земја, уште од првиот ден по донесувањето. Вашите претставници ги фрлаа таблите на кои пишуваше „поранешна југословенска Република Македонија". Но, особено за ЕУ и за НАТО, поуката стана лекција.

Во април 2001 г., во текот на шведското претседателство со ЕУ, со поддршка на Грција, вашата земја ја потпиша Спогодбата за стабилизација и асоцијација, како прва држава од Западен Балкан со таков договор. Во текстот, како што беше нормално, стоеше името „поранешна југословенска Република Македонија". Истиот ден вашата влада испрати писмо до ЕУ дека не ја прифаќа оваа ознака за вашата земја. Можеби, сега ви е јасно зошто Грција, по овој развој, беше принудена постепено да ги приспособува своите политики. Името содржано во Резолуцијата 817 во практика беше отфрлено од вашата земја. Ете зошто е исклучено процесот на интеграција да оди напред без претходно да се најде заемно прифатливо решение за името. Јас искрено верувам дека овој развој ќе беше поинаков ако вашите влади од 1995 г. до денес го поддржеа ова име. Една поговорка вели: Кој сее ветер, жнее бура.

Постојат многу луѓе во Грција и во дијаспората кои сметаат дека, поради отсуство на подготвеност за разбирање од вашата земја, мора да ја напуштиме позицијата за „сложено име со географска одредница што ќе се однесува на сите". Став што го има усвоено и трипартиската влада на премиерот Самарас.

Исто така, бидете свесни дека со оглед на политичката сцена што се оформува во Грција, референдумот и кај нас ќе стане неизбежен во случај да се дојде до решение и вашата влада да го стави на референдумско изјаснување.

На крајот би сакал да го кажам следново: Имам многу пријатели во Скопје, Битола и во Тетово. Кога седиме и зборуваме пријателски, дебатата има поинаков тон од оној што го емитува вашето политичко секојдневје. Искрено се надевам дека овој тон ќе доминира повторно и во официјалната политика на вашата земја.